ИЗВЕШТАЈ 5

# МРТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

**ИЗБОРИ 2016** МОНИТОРИНГ НА ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА НА МРТ1



ПЕРИОД
28 ноември → 1 декември 2016

Предмет на набљудување:

## МРТ1 Дневник 2

НВО ИНФОЦЕНТАР

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

НИЕ ОДЛУЧУВАМЕ!
ГЛАСАЈ ПО СВОЕ!
САМО ТИ ЗНАЕШ ЗА КОГО ЌЕ ГЛАСАШ!

# ИЗБОРИ 2016:

## Мониторинг на информативната програма на МРТ1 – Извештај број 5

### 1. Вовед и методологија

НВО Инфоцентарот, во рамки на својата програма за набљудување и анализа на медиумите, во периодот октомври 2016 – февруари 2017 година спроведува мониторинг на информативната програма на јавниот радиодифузен сервис. „МРТ во функција на граѓаните“ е проект кој има за цел да утврди дали и до кој степен Македонската радиотелевизија, во рамките на информативната програма на првиот програмски канал на македонски јазик – МРТ1, ја остварува својата законска обврска да биде јавен сервис на граѓаните. Набљудувањето и анализата на известувањето на Македонската радиотелевизија е поддржано од Фондацијата Отворено општество Македонија.

Мониторингот го опфаќа периодот непосредно пред предвремените парламентарни избори, периодот на изборната кампања и периодот по изборите на 11 декември, 2016 година. Предмет на мониторингот е централната информативна програма Дневник 2, како и дебатните емисии емитувани на првиот програмски канал на МРТ.

Овој четврти извештај ги содржи наодите од мониторингот на известувањето на јавниот радиодифузен сервис во рамки на централната информативна програма Дневник 2, на првиот програмски канал – МРТ1, во периодот од 28 ноември до 1 декември 2016 година.

Врз селектираниот материјал е направена содржинско-квалитативна анализа со користење контекстуални индикатори за проверка и дополнување на наодите и резултатите. Исто така, користени се елементи на дискурзивна анализа за проверка на програмската рамка (*agenda setting*) на емитуваните содржини и клучните теми за кои е одделен простор во дневникот на МРТ1, во периодот пред кампањата за предврементите парламентарни избори.

### 2. Анализа на Дневник 2 на МРТ1

И во периодот 28 ноември – 1 декември, Дневникот 2 на МРТ1 главно беше посветен на кампањата за предвремените парламентарни избори[1] која започна на 21 ноември. Прилозите и известувањата за другите општествено-политички случувања во земјава беа во втор план.

[1] Според Изборниот законик, додека трае предизборната кампања, МРТ како јавен радиодифузен сервис има обврска во информативните емисии да им отстапи 30 отсто од времето на дневните настани во земјата и во странство, 30 отсто на партиите од власта, 30 отсто на парламентарните опозициски партии и 10 отсто на вонпарламентарните партии.

## 2.1 Клучни наоди

### 2.1.1 Предизборна кампања

Во мониторираниот период, најмногу медиумски простор на МРТ1[2] добија ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, Коалицијата за промени и правда и ДПА, а потоа следат ВМРО за Македонија, Либерална партија, Алијанса за Албанците, Беса и Левица.

### *ВМРО-ДПМНЕ vs. СДСМ*

Во известувањето за изборните активности на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија, новинарите секојдневно ги пренесуваа директните напади, критики и обвинувања на адреса на СДСМ и нејзиниот лидер, Зоран Заев, за прекројување територии, за креирање пучеви и поделби, за „кршење на кичмата на Македонија“, а беа пренесени и заканите за „бришење“ на опозицискиот лидер од политичката сцена:

> *„Точно знаете кој е кој. Кој гради, а кој руши. Кој носи и отвара нови работни места, а кој ги затвара. Кој гради патишта и иднина, а кој прекројува територии и наметнува многу лоши поделби внатре во нашата држава...* “ (28.11.2016);

> *„Народот знае кои сме. Добро нѐ познава. И тој нема да погреши. Затоа што добро го познава времето на СДСМ... Тие го памтат и нашето време... Овој народ е мудар и знае да направи разлика. Народот памти и кој планира да ја свиткува кичмата на Македонија, а во последно време го слушнавме и последниот дел од планот и очигледно договорот за да некој му помогне да дојде на власт... “* (29.11.2016);

> *„...Доста беше пучеви, доста беше шарени револуции, доста беше преврати. Нам ни треба стабилна Македонија. Нам ни треба стабилна Турција. Нам ни треба стабилно Косово, стабилна Албанија, стабилна Црна Гора, стабилна Србија, стабилна Бугарија. Нам ни треба стабилен Балкан*.“ (30.11.2016);

> *„...Разликата нема да биде мала. Туку ќе биде огромна. ВМРО и коалицијата ќе победи со така голема разлика што ќе им биде непријатно, на памет нема да им падне да бараат да влегуваат во широка коалиција... Затоа што овој народ е свесен дека без 63 пратеника за ВМРО не може да заврши политичката криза во Македонија... Народот нема тоа да го дозволи. Нема да го дозволи тоа со масовно, историско гласање за победа и давање поддршка на ВМРО и коалицијата, и збришување од политичката сцена на Зоран Заев*“. (1.12.2016)

Во прилозите за изборните активности на СДСМ и неговата коалиција, пак, новинарите не пренесоа ниту една порака или критика упатена директно до ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер, Никола Груевски, а не објавија и ниту еден одговор на опозицијата на нападите од страна на владејачката партија.

На пример, голем број медиуми информираа дека во својот говор пред граѓаните на Делчево, Заев изјавил дека нема да има федерализација, туку, конфискација на „украдениот имот“ од страна на власта :

[2] Редоследот на прилозите за власта, опозицијата и вонпарламентарните партии има ротирачки принцип, односно секојдневно се менува распоредот на прилозите за овие три блока.

*„Овој план го плаши нашиот политички противник. Се збунил Груевски, вели дека ќе има федерализација, кантонизација. Не, ќе има конфискација. Ќе го конфискуваме украдениот имот и ќе го вратиме назад кон граѓаните.* ***И****м се смее цела Македонија овие денови, почнаа со икони да шетаат по митинзи, икони носат криминалци, луѓе-нелуѓе, кои се огрешиле по сите 10 заповеди. Народот нема да им прости, парите има да ги вратат. А гарантираме дека имаме европски устав, одличен устав, тој ќе се почитува и нема менување на Уставот. Не дозволувајте режимот повеќе да ве лаже.“*[3] (Телеграф, 29.11.2016)

Но во прилогот посветен на митингот на СДСМ во Делчево, МРТ1 воопшто не го пренесе или издвои овој дел од говорот на Заев, туку се фокусираше исклучиво на економската платформа на коалицијата, а од говорот на опозицискиот лидер беше објавен само делот кој се однесува на плановите на СДСМ да ја зголемат просечната плата на 30.000 денари и да им обезбедат пристоен живот на граѓаните.

Ваквиот начин на селекција на информации кои им се пренесуваат на граѓаните од митинзите и другите предизборни активности на политичките субјекти го нарушува балансот во известувањето и оди директно во прилог на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Со други зборови, додека власта и опозицијата добиваат релативно исто медиумско време за претставување на економските аспекти од нивните програми, на политичкиот фронт рамнотежата е изместена. МРТ1 ја пренесува целата палета на офанзивна реторика на власта спрема опозицијата, а на опозицијата ѝ ја скратува можноста за одбрана од нападите, но и за критика спрема власта која ја води државата повеќе од 10 години.

Што се однесува до другите клучни пораки од изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ, новинарите ги издвоија ветувањата за повисоки плати, пензии и социјална помош, за отворање нови работни места, за рестартирање стопански објекти, за доделување субвенции на земјоделците и кредити на младите, за градење нови патишта, мостови, градинки, училишта, но и за барањето владејачката партија да освои 63 пратенички места кои, според неа, ќе значат стабилност и излез од политичката криза наметната од опозицијата.

Од митинзите на СДСМ, новинарите ги пренесоа следниве пораки: повисоки и стабилни плати, просечна плата од 30.000 денари, нови работни места, субвенции во стопанството и земјоделството, гасификација на целата држава, бесплатно болничко лекување и подобро здравство, реформи во образованието, подобрување на патната и железничката инфраструктура, помош за младите да не ја напуштаат државата, како и „темелни реформи на виталните институции“, „правда за сите“, „враќање на слободата и демократијата“.

## Албански политички блок

Во прилозите за **ДУИ**, пак, новинарите на МРТ1 ги пренесоа пораките дека токму оваа партија најдобро ги застапува интересите на Албанците и дека таа е „чувар на албанското прашање во Македонија“. Челниците на ДУИ сметаат дека не смее да се расцепкува албанското гласачко тело и дека ги загрижува создавањето мали албански партии, затоа што тие имаат „*сомнителни центри*“. Исто така, ДУИ се залага за консензуално донесување одлуки во институциите на државата во разни области, а сака да раководи со владината комисијата за економски прашања и со советот за економски развој за да обезбеди економска еднаквост и прогрес за Албанците во

[3] http://telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-zaev-ke-go-konfiskuvame-ukradeniot-imot-i-ke-go-vratime-na-graganite.nspx

државава. Едновремено, ДУИ се залага за подобро образование, за решавање на спорот за името, за влез во НАТО и ЕУ, како и за почитување на Рамковниот договор.

Информирајќи за предизборните активности на **ДПА**, МРТ1 ги истакна критиките на оваа партија спрема ДУИ, особено поради иселувањето на Албанците од државата, како и повикот – Албанците да не гласаат за помалите албански партии – бидејќи гласот за нив е изгубен глас, односно оди директно во корист „*на Груевски и на Заев*". ДПА се залага за заменик-премиер Албанец кој ќе има право на вето, затоа што ваквото решение ќе значи „*прекинување на дискриминацијата*". Лидерот на ДПА, Мендух Тачи, истакна дека овој предлог е наводно поддржан и од меѓународната заедница. Едновремено, ДПА планира да иницира донесување нов закон за употреба на јазиците, бара економска рамноправност на Албанците, односно рамноправна распределба на економската поддршка.

**Беса**, според известувањето на МРТ1, нуди „*мастер план*" за развој на северниот и северозападниот регион на Македонија, се залага за рамноправен инвестициски развој во сите општини, смета дека има нерегуларности во избирачкиот список во општините во кои живеат Албанците, дека законот за употребата на знамињата „*ја понижува војната на Скендербег*" и истакнува дека е во „*служба на својот народ*".

Што се однесува до **Алијансата за Албанците**, и таа се залагаа за рамноправен регионален развој, порачува Албанците да бидат победници/сплотени без разлика на нивните политички убедувања, смета дека пописот од 2002 година е фалсификуван, односно дека бројот на Албанците во Македонија е поголем од 20 отсто, и не е задволна од медиумскиот простор отстапен за нејзините предизборни активности.

## *Други политички субјекти*

Во известувањето на МРТ1 за предизборните пораки на **Коалицијата за промени и правда** беа издвоени предлозите на оваа коалиција за реизбор на судии и обвинители, за намалување на судските такси и казни, за намалување на државната администрација и бројот на пратеници, за засилена борба против организираниот криминал и корупцијата, како и за конфискација на имотот стекнат на нелегален начин.

Коалицијата за промени и правда предлага парите од конфискацијата да не влезат во буџетот, туку да им бидат вратени директно на граѓаните на Македонија. Исто така, оваа коалиција се залага за динамичен економски развој со посебен фокус на инвестирање во домашните претпријатија, за намалување на загаденоста, за целосна гасификација на државата, како и за укинување на радиодифузната такса.

**ВМРО за Македонија** порача дека „*ВМРО-овците се враќаат во својата матична партија*", дека „*победата е на прагот*", дека нема да има албански јазик во општините каде што има помалку од 20 отсто албанско население, како и дека се залага за микроекономски реформи.

Во мониторираниот период, МРТ1 информираше за залагањата на **Левица** да не се зголемува границата за старосна пензија, како и за поголема заштита на правата на Ромите како најдискриминирана етничка заедница во Македонија, а од предизборните пораки на **Либералната партија** беа издвоени проблемот со нерационалното трошење на буџетот и ставот дека за кризата се одговорни четирите партии потписнички на договорот од Пржино.

### 2.1.2 Општествено-политички настани

МРТ1 во централните вести информираше за активностите на Државната изборна комисија (ДИК), за затворањето на избирачкиот список, за бројот на гласачи, како и за посетата на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, на СВР Битола. Спасовски најави строги казни за полицајците кои ќе учествуваат во изборни активности и соопшти дека веќе има пријавени случаи за обид за поткуп во Прилеп. Дневникот 2 содржеше и информација за претставките на антикорупциската комисија против министерот Спасовски и СДСМ, како и демантот на првиот човек на МВР дека донел одлуки спротивни на законот.

Во контекст на изборите беа објавени информации и за посетата на австрискиот министер за надворешни работи, Себастијан Курц, кој учествуваше на митингот на владејачката ВМРО-ДПМНЕ во Скопје. Посетата на Курц, и неговата средба со неговиот колега од македонското МНР, беше ударна вест во Дневникот 2 на 28 ноември[4]. Тој нагласи дека изборите мора да бидат фер и кредибилни и подоцна со македонскиот министер за надворешни работи го потпиша билатералниот акциски план за 2017 година.

МРТ1 информираше за работата на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), за одложувањето на рочиштето за случајот „Тврдина“, а известуваше и за случувањата во судството.

Во овој период редовно беа застапени и активностите на граѓанскиот сектор во државава. Прва тема во вестите на 1 декември, беше протестниот марш на граѓанските организации кои се залагаат за превенција од ХИВ и кои алармираат дека во Македонија се зголемува бројот на инфицирани и дека е нужна промена на буџетот за следната година, односно зголемување на средствата наменети за превенција и лекување на болните од ХИВ. МРТ1 информираше за граѓанската блокада на патиштата во Битола како протест насочен против РЕК Битола и големото загадување на воздухот во овој град, за залагањето на Хелсиншкиот комитет за човекови права и ОБСЕ за менување на законот против дискриминацијата, како и за дебатите посветени на медиумите и нивната улога во изборите и за тоа каков даночен систем ѝ е потребен на Македонија. Предностите и недостатоците на рамниот и прогресивниот данок се важна тема која е застапена и во економските програми на партиите.

Јавниот сервис известуваше и за текот на спроведувањето на акцијата „Ден на дрвото“. Начинот и тонот на информирање беа нагласено афирмативни и поддржувачки, поткрепени со изјави на ученици, градоначалникот на Град Скопје и други учесници. Беше пренесено и негодувањето на општина Центар дека добила најмалку садници во споредба со другите општини, по што беше објавен демант од првиот човек на јавното претпријатие „Македонски шуми“.

Во Дневникот 2 беа објавени информации за превирањата во Сојузот на синдикати на Македонија, за тоа дека нема да се менува работното време во градинките, како и за случувањата во „Југохром“ и најавите дека вработените, и покрај тоа што фабриката е затворена, ќе останат на своите работни места до крајот на декември. Кога станува збор за економијата, беше објавена и информацијата дека Европската инвестициска банка ќе одвои 24 милиони евра за поддршка на малите и средни бизниси, вклучително и на оние во Македонија.

[4] МТВ1, Дневник 2, „Средба Поповски – Курц“, 28.11.2016.

## 3. Заклучоци

- Иако најавите на прилозите, како и тонот на известување се неутрални и информативни, сепак, селективниот пристап на новинарите продолжи во овој период и го наруши балансот во фер-информирањето на МРТ1 за предизборните активности на политичките партии. Оваа селективност беше највидлива во прилозите посветени на опозициската СДСМ.

- Додека во известувањето за ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија, МРТ1 секојдневно ги пренесуваше директните напади, критики и обвинувања на адреса на СДСМ и нејзиниот лидер, Зоран Заев, кои често навлегуваа во таканаречена „црна кампања“, во прилозите за СДСМ, не е пренесена ниту една порака или критика упатена директно до ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер, Никола Груевски. А не беше објавен и ниту еден одговор на опозицијата на нападите од страна на владејачката партија.

Ваквиот начин на селекција на информации кои им се пренесуваат на граѓаните од митинзите и другите предизборни активности на политичките субјекти, сериозно го нарушува балансот во известувањето и оди во полза на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. МРТ1 практично ги филтрира сите посериозни критики на опозицијата спрема власта и пред својата публика се поставува како своевиден „медиумски штит“ на рејтингот и репутацијата на владејачката партија.

- МРТ1 и нејзините новинари продолжуваат да известуваат за кампањата игнорирајќи ги сите информации и основани сомненија произлезени од т.н. „бомби на опозицијата“, како тие воопшто да не се случиле и како да немаат никакво влијание врз општествено-политичките состојби во земјата. Игнорирањето на информациите од прислушуваните материјали и постојаното повторување на пораките на власта дека „опозицијата ја наметнала кризата во земјата“, создава искривена слика за реалноста и за факторите кои всушност ја предизвикале кризата.

- Работата на СЈО се покрива медиумски, но не се информира за деталите кои се однесуваат на високите политички функционери на партиите од власта, со што гледачот преку прилозите на МРТ1 не може да добие реална слика за сериозноста на обвиненијата и на кривичните дела на осомничените.

- Во мониторираниот период, во Дневник 2 најмногу простор добија ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, Коалицијата за промени и правда и ДПА, а потоа следат ВМРО за Македонија, Либерална партија, Алијанса за Албанците, Беса и Левица.

- Во овој период на мониторинг, во Дневникот 2 на МРТ1 редовно беа застапени активностите на граѓанскиот сектор, случувањата во синдикалното организирање и во судството, работата на СЈО и др.

- Јавниот сервис известуваше и за текот на спроведувањето на акцијата „Ден на дрвото“. Начинот на информирање беше исклучиво афирмативен и поддржувачки, поткрепен со изјави на ученици, градоначалникот на Град Скопје и на други учесници.